Јавно претпријатие за комунални дејности
КОМУНАЛЕЦ ц.о
Бр. 04-6617/4
04. 11 2022 год.
Струмица

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници (Сл. Весник на РМ бр. 27/4, 199/14, 48/5, 11154/5, 5/16, 142/6, 11/18 и Сл. Весник на РСМ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), а согласно член 34 од Статутот на ЈПКД"Комуналец" – Струмица, директорот во рамките на своите права и овластувања ја донесе следната :

# О Д Л У К А

за избор на кандидат по пат на Интерен оглас бр. 01/2022 за пополнување на работно место со унапредување

1. **За извршител на работно место со шифра КДР 01 02 Б02 021 - Раководител на Сектор за правни работи – Сектор за правни работи , се избира кандидатот Јасминка Ѓорѓиева.**

**2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.**

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На ден 20.10.2022 год. е објавен Интерен оглас број 01/2022 на веб страната на Агенцијата за администрација и на веб страната на ЈПКД"Комуналец" – Струмица за унапредување на административен службеник во ЈПКД"Комуналец" – Струмица за работно место со шифра КДР 01 02 Б02 021 - Раководител на Сектор за правни работи – Сектор за правни работи.

Со Решение бр. 04-6467/5 од 28.10.2022 година формирана е Комисија за селекција за унапредување по интерен оглас, која ја спроведе постапката за селекција на кандидатите за унапредување.По спроведената постапка , Комисијата за селекција за унапредување изготви Записник за административна селекција за интерен оглас бр. 04-6617/2 од 02.11.2022 год. и Записник за спроведување на интервју број 04-667/3 од 03.11.2022 год.

Врз основа на Записникот од финалната ранг листа на интервјуираните кандидати , за работно место Раководител на Сектор за правни работи , директорот на претпријатието донесе одлука како во диспозитивот.

Правна поука: Против оваа одлука може да се поднесе жалба преку Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната на ЈПКД"Комуналец" – Струмица односно од денот на приемот на одлуката.

Д И Р Е К Т О Р
Зоран Ѓорѓиев